РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР. УП-I-10/19
06.10.2023 ГОД.
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Здружение за истражување и анализи ЗМАИ, ул. Андон Дуков бр. 3/6 1000 Скопје, со број УП-1-10-19 од 12.09.2023 година, Градоначалникот на Општина Ресен на ден 05.10.2023 го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Здружение за истражување и анализи ЗМАИ, ул. Андон Дуков бр. 3/6 1000 Скопје, заверено под број УП-1-10-19 од 25.09.2023 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Здружение за истражување и анализи ЗМАИ, преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 12.09.2023 година заверено под број УП-1-10-19 со кое побара преку е-маил да му биде доставен електронски запис од следната информација: дали е објавуван граѓански буџет за 2022, граѓанскиот буџет за 2022 дали е ажуриран по изгласување на ребаланс, ако е објавуван граѓанскиот буџет кои деливи ги опфаќа, објавуван план за јавни набавки за 2022 година, според завршната сметка за 2022, општина ги реализира програмите за маргинализираните групаи, објавување на проектите кое ги спровела во 2022 година за родови разлики, предлог план програми за за развој на фискалната 2022, дали е објавуван истиот, предлог буџет на општината за 2022 дали е објавуван, социјални мрежи за информирање за буџетот за 2022, социјални мрежи за да добиете предлози од граѓаните за буџетот за 2022, јавна трибина на 20221 година предлози за предлог на буџет за 2022 година, листа објавување на добиени предлози од граѓаните за буџет 2022, објавување на проектите кои дошле од граѓаните за буџет 2022, дали општината го испитувала јавното мислење за буџет 2022, пропишана процедура за вклучување на граѓаните во процес на планирање буџет, организирани средби во 2021 година со маргинаализирани групи за буџет 2022 година, буџетот за 2022 година дали содржел програма за финансирање на маргинализирана група, комисија за еднакви можности, родово одговорни индикатори во буџетските програми за 2022, јавна трибина за завршна сметка за 2022 година, објавување на извештај за реализација на средствата планирани во тековна и постојана резерва на буџет за 2022 година.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен ве информира дека, на веб страната на Општина Ресен не е објавен граѓански буџет за 2022 година, не е објавуван граѓански буџет за 2022, не објавуван граѓански буџет за 2022 година, да објавен е планот за јавни набавки на веб страната на Општина Ресен, завршната сметка за 2022 не сорджи маргинализирани групи, не се објавени проекти за родови разлики, предлог планот за програми за развој за 2022 е донесен во предвидениот законски рок, планот за развој не е објавуван на веб страната на Општина Ресен, предлог буџет не е објавуван, Општина Ресен користеше социјални мрежи за да информира за буџетот во 2022 година, Општината не користеше социјални мрежи за да добие предлози од граѓаните за буџетот во 2022, во 2021 година Општина Ресен не организираше јавна трибиназа предлози за предлог во боџетот во 2022, Општина ресен не објавила листа на добиенипредлозиод граѓаните за буџетот за 2022 година, не се објавувани проектите и иницијативите кои дошле од граѓаните, Општината не го испитувала јавното мислењеза конкретни предлози, Општината нема пропишани процедури за вклучување на граѓаните во процесот на планирање на буџетот, во 2021 година нема организирано средби со маргинализирани групи во територијата на Општината, Буџетот за 2022 година не содржи програми за финансирање на маргинализирани групи, да Општина ресен има комисија за еднакви можности и тоа е објавена на веб страната на Општината, Општина Ресен нема родово одговорни индикатори во буџетските програми за 2022 година, Општината не организирала јавна трибина на која ја претставила завршната сметка, Општината објавила извештај за средствата планирани во тековната и постојаната резерва на буџетот за 2022 година.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН РЕСЕН